# МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА ОД ГОВОР НА ОМРАЗА
# -СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ-

КРАТОК ДОКУМЕНТ
ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# Краток документ за јавни политики Механизми за заштита од говор на омраза - судии и јавни обвинители

## Хелсиншки комитет за човекови права

## Скопје
## ноември, 2024

*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by the European Union

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во рамки на проектот „Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза“, финансиран од Европската Унија, во септември и октомври 2024 година беа реализирани две дводневни обуки за судии и јавни обвинители. Главниот фокус беше ставен на подобрување на знаењето и практичните вештини за справување со говор на омраза, собирање и анализа на електронски докази, како и примена на меѓународни правни стандарди. Учесниците побараа континуирана едукација и развој на практични алатки, вклучително прирачници и упатства за постапување.

КЛУЧНИ НАОДИ:

- Обуките беа успешно спроведени со учество на судии, јавни обвинители и кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители.
- Обучени се за прифаќање и анализа на електронски докази, вклучувајќи меѓународна правна помош.
- Развиени се практични вештини за идентификација, истрага и процесуирање на говор на омраза.
- Прикажани случаи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права.
- Учесниците истакнаа недостаток на стандарди и протоколи за постапување со електронски докази.
- Идентификувана е потреба од соработка со социјални медиуми и развој на национални упатства и стратегии.

# Модули на обуката

Обуката ги опфати и теоретските и практичните аспекти на справувањето со говорот на омраза. Прво се обработуваа концептите и основните елементи на говорот на омраза, како и критичката анализа на националната правна рамка низ призмата на европските правни стандарди и судската практика на Европскиот суд за човекови права. Овој дел им помогна на учесниците да развијат солидно и длабоко разбирање за суштината и опсегот на говорот на омраза, да стекнат вештини за негово препознавање и да ја согледаат важноста на основните демократски вредности – достоинство, еднаквост, почитување на човековите права и општествениот мир – како основа за правилна примена на законот.

Понатаму, беа разгледани практични прашања и предизвици од теренот: прибирање и обезбедување докази, особено електронски, нивна правилна обработка и изготвување на професионални извештаи, како и механизми за комуникација и координација меѓу институциите. Се дадоа насоки за користење на постапките за меѓународна правна помош и за размена на информации и докази, со посебен акцент на примената на Конвенцијата за компјутерски криминал. Учесниците посочија дека постои изразена потреба за дополнителни специјализирани обуки во областа на компјутерскиот криминал и истраги за говор на омраза на интернет, со јасни методологии и јакнење на меѓуинституционалната соработка. Овие знаења и препораки се клучни за ефективна превенција, навремено постапување и создавање на инклузивно и праведно општество.

# Наоди од обуката

- Улогата на правосудните органи е клучна во борбата против говорот на омраза, но не е доволно искористена. Недостасува изградена судска пракса, а расистичкиот и хомо/трансфобичниот говор често останува несанкциониран, особено во националистичкиот дискурс што ги таргетира малцинствата.
- Постојат концептуални нејаснотии кај судиите и обвинителите, најчесто во непостоење разлика помеѓу говор на омраза и навреда/клевета и сведување на говорот на омраза на политичка навреда.
- Воочлива е тенденција јавните функционери да се третираат како таргетирана група, што е проблематично. Иако не е исклучена можноста тие да бидат жртви, узурпацијата на концептот може да води до ограничување на политичкиот говор и нарушување на демократските стандарди.
- Правосудните органи покажаа интерес за обука и унапредување на капацитетите за справување со говорот на омраза, што е позитивен сигнал за идната работа.
- Законската рамка придонесува кон овие нејаснотии, бидејќи не ги дефинира јасно заштитените идентитетски карактеристики, а притоа овозможува широка дискреција што може да се злоупотреби. Недостига експлицитна заштита на сексуалната ориентација и родовиот идентитет.

# Заклучоци

1. **Потребни се редовни обуки за правосудните органи на тема говор на омраза.**
2. **Електронските докази играат клучна улога во истрагите и мора да се третираат соодветно.**
3. **Потребна е интеринституционална и меѓународна соработка за обезбедување на електронски докази.**
4. **Недостасуваат упатства и практични алатки за судии и обвинители во постапувањето со говор на омраза.**

# ПРЕПОРАКИ

- Изработка и објавување на практичен прирачник за постапување со говор на омраза и електронски докази.
- Воспоставување национални стандарди и протоколи за анализа и процесуирање на електронски докази.
- Континуирана едукација и обуки во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители.
- Застапување пред институциите за зголемување на капацитетите и техничките ресурси.
- Формализирање на соработката со социјалните медиуми за полесно прибирање на докази.
- Хармонизација на националното законодавство со европските и меѓународните стандарди.
- Развивање на национална стратегија за справување со говор на омраза.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА